**20171573011**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОВЕРКА НА ДОКУМЕНТИ, ПРЕГЛЕД НА ИДЕНТИТЕТ И ФИЗИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРАТКАТА, ВКЛУЧИТЕЛНО И ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ ПРИ УВОЗ НА ДОБИТОЧНА ХРАНА И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ ЗА ИСХРАНА НА ЖИВОТНИТЕ ЧИИ ПРОИЗВОДИ СЕ КОРИСТАТ ВО ИСХРАНАТА НА ЛУЃЕ ПО ПОТЕКЛО ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за проверка на документи, преглед на идентитет и физички преглед на пратката, вклучително и лабораториски анализи при увоз на добиточна храна и други производи за исхрана на животните чии производи се користат во исхраната на луѓе по потекло од Народна Република Кина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/08 и 156/08).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3806/1
27 октомври 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.